**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување помеѓу Хајнеман Африка ГмбХ, Германија, Џорданијан Дјути Фри Шопс Компани, Јордан и Араб Суплај & Трејдинг Ко., Кралство Саудиска Арабија**

**(предмет бр. 08- 25 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на создавањето на целосно функционално заедничко вложување од страна на Хајнеман Африка ГмбХ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија, Џорданијан Дјути Фри Шопс со регистрирано седиште во Амон Комплекот, до Централ Парк Хотел, Тунис Ст. 941601, Аман, 11194, Јордан и Араб Суплај & Трејдинг Ко. со регистрирано седиште на 6340 Ал Ахса 3108 Ал Захра Дист. Ријад 12812, Кралство Саудиска Арабија кое ќе обезбедува услуги за бесцаринска продажба на мало при патувања и да управува такви продавници.

**-Хајнеман Африка ГмбХ** е зависно друштво на ГХ. ГХ е фамилијарен бизнис кој управува и снабдува дјути фри продавници/продавници од вредност при патувања на аеродроми, поморски пристаништа, фери бродови, крузери и гранични премини ширум светот.

ГХ има регистрирано присуство во Северна Македонија и има остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година преку снабдување на големо со малопродажни стоки при патување.

**-Џорданијан Дјути Фри Шопс** е јавно акционерско друштво, основано според законите на Јордан. Џорданијан Дјути Фри Шопс се занимава со основање, управување и инвестирање во дјути фри продавници на гранични премини и во која било зона во која властите дозволуваат. Продава и увезени странски и домашни стоки во странска и домашна валута во дјути фри продавници. Ниту една од дјути фри продавниците со кои управува Џорданијан Дјути Фри Шопс ЦДФШ не се наоѓаат на аеродромите во Јордан.

**-Араб Суплај & Трејдинг Ко.** е друштво со ограничена одговорност основана според законите на КСА. АСТРА се занимава со општи градежни работи на станбени и нестанбени згради, патишта, улици, покрај електрани и конвертори. Преку своите зависни друштва под контрола, Араб Суплај & Трејдинг Ко. Групацијата е активна во земјоделството, производството на храна, трговијата на мало и големо, транспортот, здравствената заштита, градежништвото, комуникацијата, челични конструкции и градежни материјали, полимери, фармацевтски производи, ѓубрива, активности за недвижнини, инвестиции, челична конструкција и градежни материјали. Араб Суплај & Трејдинг Ко. не се занимава со обезбедување на малопродажни услуги при патување на аеродроми на Локации за патување.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрацијата би можела да се дефинира како ***услуги за продажба на мало при патување (продажба на мало при патување) на Локации за патување***.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

01.02.2024 година

Скопје